***За време на служењето на Митрополитот Антониј во Велика Британија една некогаш мала руска парохија израсна во епархија со свој устав и прецизно регулирана организација. Епархијата обединува неколку парохии чии членови се не само потомци на руските емигранти туку и староседелци на Британија. Пред нас е продолжението на интервјуто на Блум/Ласки.***

## ИНТЕРВЈУ:

# Митрополит Антониј Блум / Марганита Ласки

Митрополит Антониј Блум: Во разговорот што го водевме порано ме изненадува тоа што обајцата сме во областа на уверението и верувањето. Односно, реков дека имам некој вид доказ дека Бог постои. Кој е Вашиот доказ дека не постои? На што го темелите Вашето верување?

Марганита Ласки: Мислам дека тоа морам да го изразам на друг начин. Не гледам доказ дека Бог постои. Нема причина да поверувам дека Бог постои. Тоа што Вие го сметате за доказ мене ми се чини дека не може да се смета како доказ, дека тоа не е доволен доказ...

Митрополит Антониј Блум: Тоа го нарекувате претерано верување…

Марганита Ласки: Претерано верување? Би рекла дека Вие и луѓето слични на Вас несомнено го познавате чувството дека нешто коешто би можеле да го наречеме Бог можеби постои, но мене ми се чини дека тоа е чувство дека нешто коешто би било корисно да се нарече Бог постои, а не доказ дека Бог постои. Ми се чини дека тоа е попрво чувство одошто вистински доказ.

Митрополит Антониј Блум: Каде ја повлекувате цртата меѓу доказот кој е нешто што навистина постои и надструктурата што ќе ја наречеме претерано верување? Како го разликувате едното од другото?

Марганита Ласки: Тоа е тешко прашање, но претпоставувам дека доказот би бил нешто што кога би се прифатило би го изменило целиот ментален склоп на човекот, нешто што би морало да се земе во обѕир и коешто ако не би се зело во обѕир, би ја произвело лажната слика којашто претходно сте ја имале за светот, за тоа како е устроен. Мислам дека попрво би констатирала дека верувањето дека Бог постои е излишно. Зарем Вилијам Окам не рече дека ентитетите не треба да ги умножуваме без потреба? Не гледам потреба да верувам дека Бог постои или дека ако ја видам таа потреба мојата слика за светот би била подобра. Всушност, мислам дека мојата слика за светот би била лажна дотолку повеќе што би имала склоност да создавам претерано уредни модели за тоа какви се нештата ако верувам дека Бог постои, наместо да се соочам со многу поголеми тешкотии што ми се чини дека се присутни кога тоа не можам да го прифатам.

Митрополит Антониј Блум: Да, сфаќам. Но дали едно доживување е полноважно кога Ви вели дека Бог постои? Можете ли да го поништите таквото тврдење?



Фото: М.Џ.

Марганита Ласки: Воопшто не ми се чини дека е тоа полноважно тврдење, зашто постојат многу разноразни тврдења до коишто можам да дојдам врз основа на своето искуство. Во момент на нежна вљубеност можам да речам: „Со оваа личност ќе бидам среќна сиот мој живот. Тој е прекрасно, најубаво суштество на светот.” Но заслепена сум. Или можеби имам треска и халуцинирам. Или можеби времето е сончево и имам неоправдано оптимистичко мислење за оваа ситуација. Или можеби времето не е сончево и имам неоправдано песимистичка претстава за таа ситуација. Искуството, секако, мора да се одмери со авторитет, токму како што авторитетот мора да се одмери со искуството, но според самото искуство јас би можела да сум и луда.

Митрополит Антониј Блум: Така атеистите и верниците говорат слободно едни за други, затоа обајцата можеме да го прифатиме таквото својство. Но во што е основната разлика меѓу овие два докази: 'Знам дека Бог постои' и 'Знам дека љубовта постои'?

Марганита Ласки: Мислам дека не би кажала 'Знам дека љубовта постои', бидејќи не би употребила такви апстрактни зборови. Би рекла дека познавам неколку различни видови чувства што се нарекуваат љубов и би било подобро, мислам, кога тој збор малку би го ограничиле и би го користеле за помал број чувства отколку за поголем, но секако можам да речам дека познавам различни чувства коишто луѓето ги нарекуваат љубов и дека веројатно не ги познавам сите чувства коишто луѓето така ги нарекуваат. На пример, не го познавам чувството коешто Вие го имате спрема Бога во смисла на возрасна личност.

Митрополит Антониј Блум: Што би било кога едноставно би го одрекол фактот дека љубовта навистина постои, дека постои такво чувство - каква сакате нијанса дадете му - претпоставувам дека би рекле дека мене нешто ми фали?

Марганита Ласки: Но зарем не ги изменивте малку зборовите? Велам дека го познавам тоа чувство и разумно е да биде наречено љубов исто како што го познавам чувството на исправност и погрешност, но лично никогаш не би - можеби само си поигрувам со зборовите - не би сметала за корисно да речам дека љубовта постои, дека исправноста постои, дека погрешноста постои. Знам што значи да се чувствува љубов, дозволете ми така да се изразам, знам што е тоа кога луѓето чувствуваат љубов спрема мене.

Митрополит Антониј Блум: Да, сфаќам. Но тоа е едно ирационално чувство, нешто што е само чувство што се прифаќа како искуство, а притоа не претпоставувате дека зад тоа стои нешто како љубов, така да се каже.

Марганита Ласки: Не. Вие овде изгледа зборот 'ирационално' го користите како груб збор.

Митрополит Антониј Блум: Напротив.

Марганита Ласки: Но тоа е чувство што има секаква полноважност, зар не? Мислам, на пример, можете да го набљудувате моето однесување кога велам дека чувствувам љубов и велам: „Дали е моето однесување во согласност со она што се смета за чувство на љубов?" А ако речам дека чувствувам љубов кога очите ми светкаат, кога рацете ми се студени, кога премалувам, Вие со право би рекле: „Па таа тоа можеби го нарекува љубов, но јас мислам дека е луда." Постојат потврди за чувството на љубовта, нели?

Митрополит Антониј Блум: Да. Вие се префрливте од некој вид детско верување во неверување… или тоа е премногу лично прашање - како сте го направиле тој потег и сте Го отфрлиле Бога? Едноставно затоа што нема доказ што би го задоволил Вашиот ум на возрасна личност?

Марганита Ласки: Би се сложиле ли дека верувањето во Бога на едно дете може да има малку врска со верата во Бога на еден возрасен човек, освен што како возрасен човекот кога ќе дојде до Бога тоа и ќе го препознае? Тоа ми е претставено како Бог кога бев дете и сега тоа појасно го гледам. Гледам дека било исправно тоа што го правеле. Бог когошто го познавав и го сакав како дете беше Бог што ми го претставија моите родители и Он беше мој пријател од мечтаењата каков што имаат многу деца, и мислам дека верував во него како во самовилите или да речеме како што верував дека таму некаде постои земја што се вика Кина. Сите тие нешта кај мене дојдоа преку луѓето што претставуваа за мене авторитет и мораа да ја издржат проверката на времето.

Митрополит Антониј Блум: Значи, не би рекле дека тоа бил Бог когошто сте го сретнале во некој близок однос. Тоа бил Бог којшто некој друг го сретнал и за когошто Ви зборувале?

Марганита Ласки: Малку повеќе од тоа, зашто мислам дека пријателот од фантазијата за секое дете е некој што се среќава во личен однос и секако дека верував дека овој Бог, когошто го сакав, е на моја страна, некако. Дека кога моите родители ќе речеа ова е исправно, а јас мислам - не, туку она е исправно, Бог беше со мене, а не со нив.

Митрополит Антониј Блум: Вие, да речеме, наоѓате во Библијата, особено во Евангелието, некаков поетичен доказ, но не и објективен доказ?

Марганита Ласки: Не наоѓам објективен доказ за постоењето на Бога, туку објективен доказ за причините што ги навеле луѓето да веруваат во Бога и се разбира голем број тврдења со трајна вредност без коишто не би можела да живеам ни одблизу толку добро колку што се обидувам да живеам.

Митрополит Антониј Блум: Но дали мислите дека човек може да има уверлив поетски доказ којшто не се темели на ништо, освен на халуцинација, фантазии или на кули во воздух?

Марганита Ласки: Сега користите груби зборови, и тоа без потреба, зашто ми се чини дека религијата не би постоела во секоја заедница што ја знаеме ако не им одговара на најдлабоките човечки потреби коишто на друг начин не би можеле да се задоволат и кога велите „поетски" ние во нашиот пост-ренесансен свет поезијата ја сметаме за нешто прилично неважно во споредба со религијата. Но би рекла дека религијата беше израз на нешто што дотогаш не сме имале со што да го изразиме, на нешто што е поврзано со целиот наш најдобар развој како човечки битија и така, кога велам дека тоа го прифаќам како поетски мит не го правам тоа за да го оцрнам; всушност, прилично е лакомо и љубоморно да се каже што можам од тоа да научам и на кој начин човечките битија можат и натаму да продолжат без митот како основа да се развиваат во животот кој е продолжение, а не одвојување од митот.

Митрополит Антониј Блум: Кога мислам на поезијата поврзана за човечката сцена секогаш чувствувам дека носи тешкотија, дека гради смисла, бидејќи тоа е еден посебен израз на нешто толку длабоко стварно, што таа е единственото средство што може да се користи за да се пренесе и подели искуството, но она што ја прави толку уверлива, толку снажна е дека постои стварноста, човечката стварност во нејзиниот корен.

Марганита Ласки: Е овде се согласуваме. Сакам да речам, мислам дека речиси стигнавме до точката во којашто претходно се разликувавме… ако сакате да речете дека поезијата е еден израз на мошне длабоката човечка стварност, воопшто не сум далеку од Вас. Не се согласуваме таму каде што сакате да навестите, ако навестувате, дека постои нешто однадвор, нешто друго. Ми се чини всушност дека предметот на поезијата, да ја земеме поезијата сега буквално, дека темата којашто најчесто се јавува во поезијата е прашање на едно длабоко емотивно создавање модели, на некој начин тесно поврзано со религиозното искуство, дека поезијата е всушност најмногу во тоа.

Митрополит Антониј Блум: Така што човечкото искуство е вистинско, а сметате дека начинот на којшто се толкува е надвор од границите на доказот, речиси недостаток на зборови, мечтаења или фантазија.

Марганита Ласки: Не може да се докаже, но тоа не е деструктивно ако човек е во состојба да го прифати тоа како митско. Веќе се сретнавме на телевизија, ми се чини пред една година, и се сеќавам дека Ви реков дека Ве разбирам. И натаму верувам дека Ве разбирам и мислам дека можеби се обидувам да кажам дека ништо од она што изнесовте не ми е туѓо ниту чудно, туку дека тоа попрво е поезија во најдлабока смисла.

Митрополит Антониј Блум: И би прифатиле дека одломките од текстот на Евангелието, да го земеме како пример Евангелието, се човечки вистинити, а дека притоа не подразбираат надминување на човечката вистинитост.

Марганита Ласки: Не само што би ги прифатила тие одломки туку и би ги побарала и би ги употребувала.

Митрополит Антониј Блум: Ја спомнавте ‘Молитвата Господова’ на пример… Што значи ‘Молитвата Господова’ без Бога, Когошто на почетокот Го нарекувате ‘Оче наш’ или, за чие Царство ќе зборувате? Зарем тоа е баење? Рековте дека сте ја користеле.

Фото: М.Ц.



Марганита Ласки: Да, тешко е да се каже, зашто нејзиното значење се менува од една длабока мисла до друга. Мора и самите да го увидувате тоа. И освен што се користи, како што мислам дека самата ја користам, како баење, тоа можеби не би биле зборови коишто така често би ги изговарала, освен за таа цел. Сакам да кажам дека нешто од тоа би прифатила, нешто би отфрлила. На пример: 'Не воведувај нè во искушение' или како што гласи во Новата евангелска Библија: 'Не подложувај нè на испит'. Ова би го отфрлила. Тоа ми изгледа малодушно, но од друга страна, побожната желба: 'Да дојде Царството Твое' изгледа како израз на слава, тоа е прекрасно, тоа вдахнува живот.

Митрополит Антониј Блум: Мене толку не ми претставува тешкотија таа и таа реченица, туку тоа што 'Молитвата Господова' се упатува некому. Ако тој некој воопшто не постои, како го примате тоа Вие?

Марганита Ласки: Немам одговор на тоа. Мислам дека можеби и натаму се обраќам некому како дете. Мислам дека тоа не е чест случај. Можеби ја користам Вашата претстава. Дали би можела да изговарам некој друг текст којшто можеби би бил полесен? Еден на којшто често мислам е: „Ќе ги кренам очите кон горите, од таму помош ќе ми пристигне." За мене тоа има длабоко значење, зашто помошта што доаѓа со гледање во ридовите, нам на коишто таквото гледање ни помогнало, е нешто стварно. Не знаеме, можеби е тоа, како што велат луѓето, нешто во врска со обликот на ридовите, но што и да е, тогаш немам потреба да замислувам некого, нешто што се движи на планините. Како човечко суштество знам само дека гледањето во ридовите им користи на многубројни човечки суштества. Помага.

Митрополит Антониј Блум: Тоа не можам да го сфатам. Мојата тешкотија беше во тоа дали молитвата се упатува некому или на празнината и тогаш би чувствувал дека ако таа се упатува кон празнината, јас не би можел да ја користам.

Марганита Ласки: Во моментите на најголемо страдање и пропаст, кога би било природно човек да се моли, во таа смисла не можам да се молам и ние атеистите мораме да живееме без тоа. Увидувам дека тоа би можела да биде најголема сила и утеха кога би чувствувале дека би можеле да упатиме молитва и од таа причина мислам дека луѓето и ги упатуваат молитвите, но ние тоа не го можеме.

Митрополит Антониј Блум: Моето чувство во врска со тоа не е толку дали постои некој кому што би можеле да ја упатите молитвата, туку Бог, Којшто по мое уверување постои, има смисла и клуч е на складот, дури и кога целото музичко дело е наполно нескладно. Во што се состои Вашиот клуч на складот? Или светот е наполно без смисла?

Каде е границата на љубовта?... Постои ли момент кога треба да се одвоиме и да кажеме: „Те оставам, оди си по својот пат; ако се покаеш, ако се смениш, пак ќе се најдеме; но со тебе, ваков каков што си сега, не можам да одам понатаму." Или можеби не постои граница, не само за Божјата милост туку и за оваа огромна и страсна Божја солидарност? Светото Писмо не еднаш нè става во присуство на Божјата љубов во смисла на 'Ерос', односно љубов и приврзаност којашто е целосна и страсна, којашто сè опфаќа и ништо не заобиколува.**(Блум: „Жива Молитва")**

Мораме да имаме доверба во Господ. Дозволете Му да дејствува. Он може да ја искористи темнината за да нè одведе подлабоко во тајната на Своето Присуство.**(Блум: „Жива Молитва")**

Он е тука и нè држи. Неговото Присуство е посилно од темнината. Да се молиш значи да живееш во неговиот видокруг, а Неговата Љубов нè прави да сме она што сме. **(Блум: „Жива Молитва")**